Правилник за начинот на преглед на праткатa ѓубрива и документацијата по пристигнување на граничен премин и по потреба земање примероци, методите за земање на примероци, испитувањето, количеството на примероците и постапката за доставување на примероците до лабораторија (*)

Службен В. на Р.М. бр: 73/2011 од 31.05.2011

Влегува во сила на: 01.06.2011

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 27 став 10 од Законот за ѓубрива ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе.

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕГЛЕД НА ПРАТКАТА ЃУБРИЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ПО ПРИСТИГНУВАЊЕ НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН И ПО ПОТРЕБА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ, МЕТОДИТЕ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ, ИСПИТУВАЊЕТО, КОЛИЧЕСТВОТО НА ПРИМЕРОЦИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИТЕ ДО ЛАБОРАТОРИЈА()

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на преглед на праткатa ѓубрива и документацијата по пристигнување на граничен премин и по потреба земање примероци, методите за земање на примероци, испитувањето, количеството на примероците и постапката за доставување на примероците до лабораторија.

### Член 2

Преглед на праткатa од ѓубрива и документацијата по пристигнување на граничен премин се врши од страна на фитосанитарниот инспектор врз основа на барање поднесено од увозникот на праткатa, кое треба да содржи:
- декларација приложена кон праткатa;
- назив на фирмата увозник;
- седиште на фирмата увозник (улица, број, место);
- матичен број /регистарски број;
- податоци за ѓубрето (вид на ѓубрето, назив на ѓубрето, количина, начин на пакување);
- адреса на фирмата производител;
- земјата од каде потекнува ѓубрето и
- решение за увоз на ѓубрето (издадено од Фитосанитарната управа).

### Член 3

Земањето на примероци за испитувањето на примероците и постапката за доставувањето на примероците до лабораторијата, за методите на испитување на праткатa, иапитувањето, количеството на примероците се применуваат одредбите од Правилникот за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат правните лица овластени за испитување на ѓубривата.

### Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-317/5 Министер за земјоделство, мај 2011 година шумарство и водостопанство, Скопје Љупчо Димовски, с.р.

*****

() Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Европскиот Парламент и Совет бр.2003 /2003 од 13 октомври 2003 година која се однесува на вештачките ѓубрива со CELEX бр. 32003R2003.

*****